АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) како и врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025 и 74/205), член 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/2019, 153/2019, 92/2021, 222/2024, 59/2025 и 135/2025) и член 23 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, а во врска со објавениот Оглас за вработување број **1185/2025** објавен на 23.12.2025, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 02.02.2026 година донесе

## О Д Л У К А

### за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник

Во врска со јавниот оглас бр. 1185/2025 за потреба од вработување на административни службеници во Агенцијата за електронски комуникации, објавен на ден 23.12.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација како и во дневните весници ‚Вечер“, ,,Слободен печат“ и ,,Лајм“ за пополнување работното место **Виш соработник за определување на регулаторни обврски**, шифра АЕК 01 01 В02 008 се избира кандидатот **Живко Белчев**, со идентификациски код A9B8D60.

1. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на објавениот Јавен оглас број 1185/2025 за потреба од вработување на административен службеник во Агенцијата за електронски комуникации, објавен на ден 23.12.2025 на интернет страната

на Агенцијата за администрација како и во дневните весници ‚Вечер", ,,Слободен печат" и ,,Лајм", за работното место **Виш соработник за определување на регулаторни обврски,** шифра АЕК 01 01 В02 008, 1 (еден) извршител, формирана е Комисија за селекција на вработување по Јавен оглас, која ја спроведе постапката за вработување составена од административна селекција со сочинет Записник бр. 10-255/1 од 13.01.2026 година, записник од спроведен испит бр. 10-255/4 од 29.01.2026 и проверка на веродостојноста на докази и интервју со сочинет Записник бр. 10-255/5 од 30.01.2026 година.

Согласно член 44 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Комисијата за селекција за вработување до Агенцијата за електронски комуникации со акт број 10-255/6 од 30.01.2026 година достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови за наведеното работно место.
Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

**Директор**
**Jeton Akiku**

Наш број: 0401-93/7
Скопје, 02.02.2026 година

Република Северна Македонија — Агенција за електронски комуникации — Скопје

Доставено до:
- Директор на АЕК (копија бр.1)
- Именуваниот/а (копија бр.2)
- Агенција за администрација (копија број 3)
- Сектор за управување со човечки ресурси (копија број 4)
- Архива